НОВИНАРСКИ НАГРАДИ 2020 НИКОЛА МЛАДЕНОВ

**ИЗВЕШТАЈ НА КОМИСИЈАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА**

**НОВИНАРСКИТЕ НАГРАДИ НИКОЛА МЛАДЕНОВ 2020**

Во рамки на заложбите на Македонскиот институт за медиуми (МИМ) за поддршка на професионалното новинарство, Комисијата за доделување на новинарските награди НИКОЛА МЛАДЕНОВ 2020, во состав:

- **Весна Коловска, уредничка во националното радио „Канал 77“**
- **Сеад Џигал, комуниколог**
- **Фејми Даут, кинематограф**
- **Верица Јорданова, претседателка на УО на МИМ**
- **Билјана Петковска, директорка на МИМ**

**ДОНЕСЕ ОДЛУКА**

**Наградата за Најдобра истражувачка сторија му се доделува на тимот новинари од редакцијата на „Истражувачката репортерска лабораторија“ за серијалот текстови на тема *„Пандемско профитерство: Другата страна на приказната за КОВИД-19“*.**

Преку истражување на тимот од Истражувачката репортерска лабораторија, спроведено на почетокот на пандемијата, во соработка со новинари од други земји, се обелоденува скандал со лажно декларирани тестови за ковид-19 и несигурни заштитни маски, од кои

профитираа приватните болници и веледрогериите, а за жал беа изгубени и човечки животи.

Сториите обработуваат исклучително важна тема, поврзана со најголемиот здравствен проблем во светот- пандемијата со ковид 19, и ја потврдуваат моќта што новинарството ја има во разоткривање на информации од витално значење за здравјето и животот на граѓаните.

Сознанијата на авторите откриваат дека државата, на почетокот на пандемијата минатата година, немаше воспоставено доволно ефикасен систем за контрола на квалитетот на лековите и медицинските средства што се увезуваа од странство.

Истражувањето е темелно, сеопфатно, при што се употребени мноштво релевантни факти, докази и изјави од релевантни соговорници, а дополнително се презентирани и валидни документи кои ги поддржуваат сознанијата на авторите. Сториите јасно укажуваат на потребата од институционално разрешување на посочениот проблем , што претставува значајна карактеристика и крајна цел на новинарските истражувања.

Овој серијал стории доби и меѓународна димензија и поттикна новинарски истражувања и во други земји, а во неколку држави беа спроведени истраги и беа конфискувани неквалитетните тестови и маски.

**Наградата за Најдобар иновативен новинарски производ му се доделува на новинарот Александар Манасиев, за мултимедијалната сторија *„Тивките балкански убијци“* што ја обработува темата за влијанието на термоцентралите врз животната средина, објавена на интернет-платформата „Види Вака“.**

Станува збор за извонреден спој на традиционална истражувачка приказна раскажана со мултимедијална поддршка, што обработува важно прашање од интерес на граѓаните во земјава, но и пошироко во регионот. Авторот направил темелна обработка на темата, поткрепена со факти, докази и изјави од релевантни извори.

Успешно се употребени креативни алатки за мултимедијална, креативна презентација на содржината, користејќи комбинација на текст, видео, фотографии и анимации, при што големо внимание е посветено на тоа секој од елементите да биде приказна за себе, односно секој елемент дополнително да ја раскажува приказната и да може да функционира самостојно.

МАКЕДОНСКИ ИНСТИТУТ ЗА МЕДИУМИ

Приказната е прилагодена за следење на веб и е оптимизирана за на мобилен телефон, а користено е и таканареченото Тајмлапс видео кое е употребено како елемент во раскажувањето за да се прикаже движењето на прашината со јаглен од РЕК Битола и рудникот кон населените места.

Приказната е работена во Македонија и на Косово, како меѓународно истражување во кое се употребени интерактивни мапи и снимки од дрон за да се прикаже локацијата на централите.

**Наградата за Најдобра репортерска фотографија ѝ се доделува на фоторепортерката Арбнора Мемети, за фотографијата на тема *„Две патки поминуваат на пешачки премин за време на полициски час“*, објавена во дневниот весник „Слободен печат“.**

Фотографијата доловува несекојдневен момент - во време кога за првпат во историјата на Македонија се воведе полициски час на територијата на целата држава, фоторепортерката Арбнора Мемети визуелно го овековечила моментот кога две патки поминуваат на пешачкиот премин на мостот Гоце Делчев во Скопје.

Фотографијата демонстрира исклучителен фотографски сензибилитет и естетски израз кој ни ја пренесува длабоката симболика на оваа извонредна глетка - постојаното превирање помеѓу природата и човекот, цивилизацијата и нејзината средина, во обид да се најде кревкиот баланс на соживот со природата во овој турбулентен и непредвидлив 21 век. Цениме дека оваа фотографија на Арбнора Мемети ќе остане долго да сведочи за еден период од нашите животи кога Светот, а со него и Македонија, застана на одредено време и доби несекојдневна можност да ги преиспита своите цели и вредности кон кои така забрзано се движи.

На годинешниот конкурс што беше објавен на 11 март и траеше до 31 март пристигнаа:

- 29 стории, обработени низ 66 текстови/видео прилози) пријавени од 19 автори **во категоријата Најдобра истражувачка сторија**
- 18 стории обработени низ 31 текст и видео прилози пријавени од **11 автори во категоријата Најиновативен новинарски производ**
- 26 фотографии пријавени од **9 автори во категоријата Најдобра репортерска фотографија**.

Јуриј Гагарин 17-1/1
Скопје, Македонија
+389 2 30 90 144
mim@mim.org.mk
www.mim.org.mk

Комисијата изразува задоволство од квалитетот на пристигнатите трудови и истакнува дека и покрај проблемите предизвикани од тековната пандемија, изминатата година новинарите посветено и квалитетно истражуваа и известуваа за многу значајни прашања од интерес на граѓаните.

Изразен е интересот за новинарска обработка на теми како што се корупцијата во образованието, животната средина, урбанистичкото живеење и здравството. Впечатливо е што овие општествени аномалии се прикажани низ призма на ефектите што ги создаваат врз животите на сиромашните, болните и маргинализираните граѓани.

Оваа година, во пресрет на јубилејното 20-тото доделување на новинарските награди за најдобра истражувачка сторија, Институтот го редизајнираше концептот на наградите. Целта е и потаму да се поддржуваат и наградуваат најдобрите истражувачки стории, истовремено отворајќи можност за поддршка и за афирмација и на други форми на новинарско изразување, поради што беа воведени уште две посебни категории- најиновативен новинарски производ и најдобра репортерска фотографија.

Наградите за најдобра истражувачка сторија МИМ ги доделува традиционално од 2001 година, а од 2013 година, наградата го носи името на угледниот новинар и сопственик на неделникот „Фокус“, Никола Младенов.

Скопје, 25 мај 2021 година

Линкови до наградените новинарски продукти

| | |
|---|---|
| Најдобра истражувачка сторија | Пандемско профитерство: Другата страна на приказната за КОВИД-19<br><br>Пеколниот пат низ тестирањето од КОВИД-19 или како умре Р.З.<br><br>Несигурни дијагнози: Како лажно декларирани холандски тестови за КОВИД од Кина завршија во Македонија, САД и земјите на ЕУ<br><br>Маски со лажни сертификати за заштита од корона завршиле низ болниците во Македонија, ОЛАФ води меѓународна истрага |
| Најиновативен новинарски производ | Тивките балкански убијци |
| Најдобра репортерска фотографија | Две патки поминуваат на пешачки премин за време на полициски час |